**З А П И С Н И К**

**Од вонредна седница на Советот на општина Василево**

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 13.05.2019 година (Понеделник) со пчеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваше советниците: Виолета Ристова , Бранко Трајков и Ракип Асанов.

На седницата присуствуваше, Верче Миткова,Симона Стојанова и Славе Андонов претставници од општинската аддминистрација.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата побара од Симона Стојанова претставник од општинската аддминистрација да даде образложение за причината поради кој се свикува вонредна седница на Советот на општина Василево.

Simona Stojanovska Рече дека причина за свикување на вонредна седница е поради краткиот временски рок за комплетирање на техничката документација за имплементирање на два проекти: едниот е за изградба на улица во с. Нова Маала до резервоар и вториот проект е за Агрометеролошка станица за заштита на земјоделските култури и животната средина

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница, од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1 Предлог – Одлука** за утврдување на приоритет за проект за изградба на улица во Нова Маала до резервоар.

**2. Предлог – Одлука** за обезбедување на средства за одржување на Агрометеролоски станици во рамки на проектот„ Агрометеролоски станици за заштита на земјоделски култури и животна средина".

Дневниот ред за работа на Советот на општина Василево на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

**1.**

По отворената расправа по првата точка: **Предлог – Одлука** за утврдување на приоритет за проект за изградба на улица во Нова Маала до резервоар, немаше пријавено за збор беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

**2.**

По отворената расправа по втората точка: **Предлог – Одлука** за обезбедување на средства за одржување на Агрометеролоски станици во рамки на проектот„ Агрометеролоски станици за заштита на земјоделски култури и животна средина" за збор се јави Марјан Трајков член на Советот на општина Василево праша за какви средства станува збор за финансиски средства , материјали или простории, побара образложение да бидат запознаени советниците да знаат за што гласат.

Симона Стојанова претставник од општинската аддминистрација рече дека со додесување на оваа одлука на Советот, општина Василево се обврзува за потребите на проектот да обезбеди компјутер каде ќе биде инсталиран софтвер за функционирање на агрометеоролошки станици, соодветна просторија за одржување на информативни и советодавни настани со земјоделците и почнувајќи од 2020 година ќе обезбедува финансиски средства за одржување на поставените агрометеоролошки станици. Овој проект ќе се имплементира во партнерство со Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и десетте општини од Југоисточниот регион.

По завршената расправа втората точка: **Предлог – Одлука** за обезбедување на средства за одржување на Агрометеролоски станици во рамки на проектот„ Агрометеролоски станици за заштита на земјоделски култури и животна средина, беше ставена на гласење од 12 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Крсте Панев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Крсте Панев